**ГРАД СКОПЈЕ**
Градоначалникот

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

тел: 02/ 3 297 204

**Наш број:** 08-1638/1
14. 02. 2022
**Скопје**

Врз основа на член 50 став (1) точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## ОДЛУКА
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр. 02/2022 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Командант на бригада со шифра ПОЖ0210А01000 во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување се избира кандидатот **Звонко Томески.**
2. Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

### Образложение

На ден 04.02.2022 година на својата интернет страница, Град Скопје објави интерен оглас бр.02/2022 за пополнување работно место со унапредување во Територијалната противпожарна единица на Град Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение од Градоначалникот на Град Скопје бр.1389/1 од 07.02.2022 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодирање изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Командант на бригада со шифра ПОЖ0210А01000 во Територијалната противпожарна единица на Градот Скопје – Бригада за противпожарна заштита на Град Скопје (БППЗ), Сектор за заштита и спасување, предложи да се избере кандидатот Звонко Томески.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се изјави приговор до Градоначалникот на Град Скопје во рок од 8 дена од денот на неговото врачување.

Изготвил Јулијана Китановска
Контролирал Розе Сталеска
Одобрил Валентина Ѓоргиевска

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат
- Секторот за управување со човечки ресурси
- Архивата

**Град Скопје**
**Градоначалник**